РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2021/1
22-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2273/1 од 22.08.2024 година, против органите на стечајната постапка над ---, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2273/1 од 22.08.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, е поднесена пријава во која се укажува на незаконско постапување на органите на стечајната постапка над --- и тоа стечајниот судија и стечајниот управител при намирувањето на доверителите, со што им била нанесена штета на штедачите на банката. Во пријавата се наведува дека за стечајот на банката биле поднесени повеќе кривични пријави до јавното обвинителство, но дека и по изминување на подолг временски период обвинителството се уште не покренало обвинение.

Државната комисија, имајќи предвид дека во врска со отворената стечајна постапка над ---- веќе се води истрага од страна на надлежно јавно

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

обвинителство како орган надлежен за кривичен прогон, цени дека нема основ за надлежно постапување по предметната пријава.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: В.З., виш соработник
Контролирал: К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk